СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петтото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 август 1993 година

Скопје, август 1993 година

**ДИСКУТАНТИ НА V-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 66-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 17 август 1993 година**

1. АНДОВ СТОЈАН - 3, 5, 17, 36, 33
2. АЛИУ ЕШРЕФ - 11
3. АРСОВ ДРАГИ - 13
4. АБДИ ФАИК - 40
5. АЛИУ ХАМИД - 43
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 6
7. ДИМОВСКА ДОСТА - 34, 36, 37, 38, 42
8. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 28
9. ЃОРЧЕВСКИ БОРКО - 22
10. ЗАФИРОВСКИ ГОРАН - 9, 11
11. ЈАКИМОВСКИ ЉУБОМИР - 39
12. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 17
13. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ – 18, 24, 43
14. КРСТЕВСКИ ЗОРАН – 30
15. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО - 6
16. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 37
17. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 41
18. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 8, 30, 31, 32
19. ПЕТРОВ ТОДОР - 42, 43
20. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 4, 12
21. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 2, 4, 7, 44

седницата продолжува

(Петтото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија беше закажано за 9 август 1993 година во 12,00 часот. Меѓутоа, поради немање кворум во 15,00 часот претседателот на Собранието на Република Македонија Стојан Андов, без да ја отвори седницата, рече:

"По прегледот што го имам немаме доволен број на пратеници во салата за да почнеме со продолжението..

овој обид го направивме по барање на Владата на Република Македонија како предлагач на законите по итна постапка денес да продолжиме. Меѓутоа, се покажа дека поголемиот дел од пратениците се распрснати и не можеле да имаме доволен број за да можеме да работиме.

Дали да почекаме уште малку, уште некој ако може да дојде или не?"

По извесно чекање, во 15,10 часот, претседателот Стојан Андов рече:

"очигледно, ние не можеме да продолжиме. Во најповолен момент имавме 56 пратеници внатре. Ни недостасуваа најмалку уште пет пратеници, што е крајно ризично да работиме само со 61 пратеник.

Затоа, не сме во состојба сега да продолжиме, а продолжението дополнително ќе го објавиме").

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 август 1993 година

Седницата се одржа во сала 1, со почеток во 17,20 часот

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

На почетокот на седницата не присуствуваа пратениците н ВМРО-ДПМНЕ, освен пратеникот Томислав Стефковски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

пратениците Ристо Стаменов, Ферид Садику, Димитар Димитровски, Јаким Ивановски, Симеон Наумов и Јован Николов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 9, став 1 за бришење на точка 4 став 2 за додавање нова точка 5, поднесен од пратениците Александар Флоровски, Ацо Спировски, Горѓи Котевски, Томислав Стефковски и Петар Темелковски.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Томислав Стефковски.

(Некој од пратениците реагира поради јавувањето за збор на пратеникот Томислав Стефковски заради отсуството на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ од седницата, на што претседателот Андов вели:)

Во оние 63 пратеници е присутен и господинот Стефков- ски. Секој пратеник кој е во салата и на своето место има право на збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека е добро што претседателот ја кажа бројката на присутните пратеници во парламентот. Тоа значи дека се успеа да се собере потребниот број. Јас станав и зборувам деловнички.

Оттука, со оглед дека имаме ново настаната ситуација, во име на Пратеничката група барам пауза од 15 минути за договор во врска со текот ... (во салата се слушаат бурни реагирања од страна на некои пратеници, при што претседателот Стојан Андов вели: "Ве молам, да слушнеме што е барањето"). Седницата ја води претседателот Андов, а не присутните пратеници.

Оттука, го користам правото како координатор да побарам пауза само од 15 минути за договор со пратеничката група во врска со оваа новонастаната ситуација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам 15 минути пауза.

(Некои од пратениците реагираат со зборовите "која пратеничка група',' на што претседателот вели:)

Неговата пратеничка група.

Пауза од 15 минути.

(Некои од пратеничката група на ПДП-НДП реагираат).

Немојте да ме терате да правам преседани, немојте ве мол немојте да работите против интересите на позицијата.

I/3.-

(По паузата седницата продолжи во 17,40 часот). I/2

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратеникот Тодор Петров бара збор процедурално.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да поставам процедурално прашање до претседателот на Собранието.

Во денешната покана седницата е закажана во 11,00 часот. Дури во 14,00 часот од Службата за информирање на Собранието е дадено соопштение дека ќе почне во 15,30 часот, а започнува дури сега во 17,30 часот.

Ме интересираат причините за ваквото пролонгирање на почетокот на седницата и да утврдиме договор до кога ќе работи Собранието, ако е вообичаено да работи секогаш до 17,00 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

денес како што знаете дојдоа и нови амандмани, дури и на членови кои сме ги минале. Мораат да следуваат прво договори овде по службите како ќе продолжиме денес, а потоа и да се преправи сценариото за натамошното водење на седницата. А потоа дојдоа и некои барања од одделни пратенички групи, пауза за ручек, а потоа некои и се разотидоа па моравме по нив да праќаме за да можеме да продолжиме да работиме. Тоа беа причините заради кои подоцна почнуваме.

Денес ќе работиме нешто подоцна, почнуваме доцна и предлагам да работиме некаде до 21 часот.

Дали се согласувате? (некои пратеници не се согласуваат).

Само тоа го расправаме, само ова прашање.

Добро, ќе работиме се дотогаш додека не почувствуваме дека сме се замориле од работа по ова прашање и треба да престанеме.

Господинот Томислав Стојановски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и госпдоа, да не кажам дека наедно опозицијата ќе се согласи да се држи Собранието, да се задоволи со соопштение дека наводно во салата е исполнет бројот од позицијата на 61 пратеник. Предлагам сега да се преброи дали навистина позицијата има 61 пратеник, а ако нема толку ние нема да останеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за претседателот кој го утврдува точниот број на присутни пратеници еднакво значење има присуството на било кој пратеник, а позицијата сама си се брои, и опозицијата сама си се брои дали има или нема, дали сака или не сака да присуствува и т.н. Јас Ве молам таква задача да не ми давате јас да Ве пребројувам по политичка припадност. Тоа немам право.

Господинот Томислав Стефковски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, кога пред некој ден побаравме пауза и го најавивме нашето учество во работата, поаѓавме од фактот дек што не е тука Алил Џафероски изнесе некои работи за кои заслужува секаква осуда, оттука побаравме и негово извинување. Не е тука, ќе го надминеме тоа, кога ќе биде присутен ќе го поставиме прашањето за извинување, нели.

Ние рековме во таа прилика вака:

Кога коалицијата ќе обезбеди 61 пратеник во Собранието ние ќе се вратиме во оваа сала и ќе учествуваме во донесувањето на изборните

закони, бидејќи не спорен е фактот дека нашата пратеничка група и нашите пратеници имаат поднесено повеќе од 60 амандмани. Секој еден гледач на телевизијата - мислам дека нема пренос сега - се прашува како е можно опозицијата да поднесе 60 амандмани, а предлагачот да биде глув за таквите предлози. Никаде во светот такво однесување не е дозволено.

Оттука, за да бидеме достојни на нашиот збор дека кворумот за одржување работа на седницата не треба да го прават и оние пратеници, спротивно што го рече претседателот Андов, кој не се членови на коалицијата, мислам пред се на независните пратеници, мислам на господинот Голубовски, со кои бројката можеби изнесува 61, во тој случај ние ако тие пратеници, со нив се обезбедува кворум од 61, ние ќе останеме во салата но нека им служи на чест на оние кои го прават кворумот на коалицијата.

Да повторам, го поддржувам предлогот на господинот Томислав Стојановски со прозивка да се утврди бројот на присутните пратеници од коалицијата и опозицијата.

Барам поддршка од 10 пратеници за овој предлог.

(Истовремено никој од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ креваат рака).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не , не, Ве молам, таква задача ни од 100 пратеници не примам. Немам овластувања да ги двојам по важност на присуството на оние кои се во позиција или опозиција. Тоа апсолутно не важи. Мое е да утврдам само вкупен број на присутни.

Господинот Голубовски бара процедурално интервенција.

I/6.-

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи бев спомнат само да појаснам дека како пратеник на ВМРО Демократска партија мојата позиција е опозициона, но ние немаме договор направено за заеднички настап со ниту еден субјект во парламентот, оценуваме сами за нашите политички ставови и заради тоа сметам дека инсинуациите кои беа изречени на таа основа не држат и ги отфрлам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро е, сигурно еден не може да задолжува друг, освен пратеничката група, ако е член на пратеничката група. Не може, што се однесува на независните, тоа е нивно право.

Господинот Вецко Личовски бара збор деловнички.

**ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ:**

Јас на една од првите седници кои овде ги имавме од оваа истава говорница имав еден предлог кој што го дадов и кој што мислам дека е коректен и исправен тој предлог и како предлог треба да се прифати од овие 120 пратеници. Јас мислам дека тој предлог што беше даден беше 120 пратеници, од тие 120 пратеници 70 пратеници се платени пратеници на ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, Вие деловничката интервенција кажете ја.

**ВЕСКО ЛИЧОСКИ:**

Според тоа , сметам дека претседателот на Собранието потребно е овие пратеници, без разлика дали се платени или неплатени, на ова Собрание, треба да преземе некои соодветни мерки оние пратеници кои не присуствуваат на состаноците да бидат соодветно преземени мерки против нив.

I/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да продолжиме со претрес по амандманот на член 9 став 1 за бришење а точката 4 став 2 за додавање нова точка 5, поднесен од пратениците Александар Флоровски, Ацо Спировски, Горѓи Котевски Томислав Стефковски и Петар Темелковски.

Молам, кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Со предложениот амандман фактички се надминува една состојба која што ја имавме во претходните избори, каде што имавме големи манипулации во врска со гласањето на избирачките места и која директно влијаеше на резултатите од изборите. Оттука, оценуваме дека на избирачките одбори мора да им се даде нов квалитет, а тој квалитет по нас произлегува од фактот, доколку избирачкиот обор биде именуван од Изборната комисија во променлив состав.

Оттука, образложението што беше дадено во врска со избирачките одбори што го имавме во претходната расправа, во се останува пратеничката група и нејзините пратеници што го изнесоа во врска со потребата да се изврши промена и избирачките одбори да ги именува изборната комисија во променлив состав. Со ова всушност се дава можност, како што беше речено и како што ќе повторам дека големите партии се тие кои ќе можат да партиципираат со членство б:1дејќи бројките кои што се дадени го текстот на законот за во избирачките одбори во изборните комисии и т.н. може да го обезбедат само политичките партии кои имаат бројно членство, а со тоа фактички и се овозможува директно оние политички партии кои се фактор во една држава нај непосредно да учествуваат во изборите и резултатите од изборите да бидат познати со самиот чин на завршувањето на гласањето на избирачките места.

I/8.-

Од тие причини сметаме дека изборната комисија која што врши надзор над работата низ гласачките одбори треба во проширен состав и да ги именува истите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор.

Има збор пратеникот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, за мене овој амандман е прифатлив и сметам дека секој треба да го разгледа сам, независно од тоа на кој партија припаѓа, бидејќи имав впечаток и досегашната работа покажа дека амандманите што ги предлагаат пратениците на опозицијата, тие пратеници што се во овие групи што ја поддржуваат оваа коалициона Влада амплок ги отфрлаат, без да знаат за што гласаат против овие амандмани. Затоа, сметам дека треба овие избирачки одбори каде што е сконцентрирано - тоа го покажаа првите повеќе партиски избори, сите манипулации што беа вршени, сите тие нечесни работи што се правеа за време на првите избори беа правени од членови на избирачки одбори. Затоа, сметам дека е најдобро, во интерес на демократијата овде кај нас во тие избирачки одбори да партиципираат партиите кои што се најдиректно засегнати односно да си делегираат свои членови. Сметам дека доколку во еден избирачки одбор постојат членови кои се од партиите главни во Републиката помеѓу себе ривалски партии, антагонистички помеѓу себе дека и контролата најдобра ќе биде и само тогаш ќе можеме да зборуваме дека семе оствариле чесни избори во Република Македонија.

Самите избори покажаа исто така, а јас лично бев сведок, дека огромен број на членови на тие избирачки одбори, дури после повеќе од 24 часа , што значи цели кутии, цели пликови со ливчиња пренојќиле во нивните домови, беа носени наредните денови, беа предавани во

општинските изборни комисии. По тоа имаше случаи на луѓе членови на тие избирачки одбори кои имаа однапред подготвени листи, готови, напишани, составени со резултати. Затоа, во интерес на сите нас е да спроведеме чесни избори во Македонија, а чесни избори можеме да спроведеме единствено на ваков начин, каде што сите партии ќе можат да партиципираат во овие избирачки одбори.

Исто така, сакам да кажам една работа. Сметам дека денес на почетокот на седницата како парламент моравме да заземеме став за националниот срам што на Република Македонија и го нанесоа спортисти, што за мене не се никакви спортисти отидоа на Светско првенство каде што требаше да ја претстават нашата Република, дозволија да одат под туѓо знаме. Сметам дека тоа е најголем национален срам за една држава. Затоа, овој парламент треба да заземе став во врска со тоа, а особено што на оваа седница имаме посебна точка на која ќе се расправа за состојбите во македонскиот спорт.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тоа нема врска со амандманот.

Има збор господинот Горан Зафировски.

**ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сметам дека овој амандман е неопходен за да се оди на нови демократски избори. Јас се сеќавам како на претходните избори во избирачките одбори беа назначени се бивши полицајци, пензионирани, кои го бранат режимот. Исто така, од една партија, од месна заедница, од нивниот комитет избирачки одбор, кој нашата контрола ја става во ќоше 20 метра, не се дозволуваше ни да се контролира лична карта, а камо ли да се има увид кој гласа. Нај свеж е примерот со новото гласање во Општина Гази баба за пратеникот Шукри Рахими каде што едни исти луѓе 200 или 300 гласаа по 100 пати во еден

I/10.-

ден, изборна едница 90, изборно место 42 и 43. И покрај нашите приговори од 20 - 30 метри каде што беа присутни нашите контролори, во изборната комисија беа составени сите од ПДП, имаше еден стар, старец , претседател на Комисијата , 70 годишен , го избркаа уште пред време и можете да замислите зошто резултатот во изборната единца заврши така. Истото се повторуваше и на другите изборни места во школите "Даме Крапчев" и "Крсте Мисирков" каде што општинската изборна комисија не убедуваше дека може да се гласа и без лична карта ако претседателот на избирачкиот одбор ги знае луѓето, а исти луѓе гласаа по 7 - 8 пати.

**ГОРАН ЗАФИРОВСКИ**: (Продолжение)

За тоа ако сакаме навистина демократија и демократски избори редно е директно партиите да учествуваат во тој избирачки одбор. Со тоа мислам дека без овој амандман овој закон е чиста демагогија.

Пријатно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Има збор господин Ешреф Алну.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Предложениот амандман нема основа да биде прифатен. Образложението е доста наивно и нема никакви издржливи аргументи. Се нафрлуваат факти по лично убедување, лична волја, кои не кореспондираат апсолутно со вистината. Илустрација. Според мојата евиденција во својство на пратеник сум ги посетил сите изборни места во општина Гази Баба. Со сите претседатели сум кореспондирал само на македонски јазик. Од службена декларација на претседателите нема ни една поплака и од сите сум добил изјави дека изборите течат нормално и коректно. Се таму што направила партијата на последен говорник е посебна тема и нема потреба да ве замарам. Затоа, скренувам внимание да се и следат внимателно што се кажува за амандманите.

Понатаму, можеби заслужува да се види некои сериозен предлог, и сериозно образложение.

II/2

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор?

Господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, предлогот на амандманот го поддржувам, а оние пратеници. кои имаат намера да го оспорат или се против него, тоа е нивна работа што не разбира што се предлага. Наивата не се состои во неразбирање, туку во незнаење. Ако господинот вршел претходниот говорник вршел во повеќе избирачки места обиколка како кандидат или веќе е избран пратеник, се прашувам во кое својство тоа го вршел. Што имал? Говориме за избирачки одбори. Кој ќе ја вршат функцијата на самото избирачко место. Најголем интерес од целата работа во изборите имаат политичките партии кои учествуваат на изборите. Има ли поголемо задоволство и поголема контрола во исто време ако повеќе учесници на самите избори имаат свои претставници односно или самите одбори се од нив претставени да вршат контрола. Контролата е основна потреба во изборите. А некои кои не сакаат контрола на одредени места каде има групација на одредени националности или малцинства како да кажам, па сега н им треба контрола по било кој основ, тоа е друга работа. Потребата на контролата е за спроведуваше на самите избори. Јас го поддржувам амандманот да се во променетиот состав именуваа личности од политички учесници во изборите.

Затоа, господа пратеници, кога говориме за демократски права дај да дадеме некои да вршат контрола кога се врши самото избираше, а не како што ние го сфаќаме дека треба да биде.

II/3

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Господинот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, уште еднаш од оваа говорница јавно ви се обраќаме по повод овој амандман и сакаме да го скренеме вашето внимание дека на сите нас ни е познато дека ќе биде усвоен со на сите нас познатата технологија на мнозинството. Од тие причини сакам да ви скренам внимание дека ние не треба да ја прифатиме таквата технологија, технологијата на мнозинството што е обезбедена во овој Парламент, која не е во интерес на парламентарната демократија на развивањето на парламентарните односи и на демократските односи. Тоа е принципот на политичката аргументација, а не на правната аргументација. Кога ова го велам сакам да скренам внимание на оние аргументи кои што во претходната дискусија кога се зборуваме по овој амандман, се послужија претставниците на Владата. Се послужија оние што се контра на овој аргумент. Овде сакам само да ве потсетам на аргументот, а тоа е политичкиот аргумент што го изнесе тука и министерот на Владата односно на господинот Туше Гошев. Тој спомна дека не се прифаќа променливиот состав односно дека променливиот состав не може да бира избирачки одбор. Сметаме дека избирачкиот одбор е државен орган и треба да го именува избирачката комисија. Тоа е неспорно, но неспорна е според логиката на мнозинската демократија, тоа е така, но не е така според логиката на консензуалната демократија, а демократијата која што се повеќе во европските земји се почитува и го отстапува местото на оваа мнозинска демократија.

II/4

Исто така, во тој стил беа изнесени аргументите, но пак ќе потенцирам неправилните аргументи, туку политичките аргументи што беа изнесени од г-динот Тито Петковски и другите кои што стоеја на таа линија во одбрана на ставовите на Владата. Тие овде сите знаеме го потенцираа тоа дали има земја во која избирачките одбори не ги избира државен орган. Тоа беше едното потенцирано прашање.

Второто, кое што овде го чувме дека наводно составот на избирачките одбори не може да се формираат од оние партии што се застапени во Парламентот, наводно, затоа што тие се составени од тројца членови. Меѓутоа, ние овде забораваме дека покрај тие тројца членови што го сочинуваат постојаниот состав на избирачките одбори, постојат и уште толку члена, уште тројца члена од променлив состав. Затоа, тој не изнесува толку колку што овде тенденциозно се напоменува, туку тој изнесува многу повеќе. Таа тенденциозна нагласеност на бројот на членовите, не произлегува од ништо друго, туку од логиката на мнозинската демократија. Да се наметне ставот на онаа опција, која што овде ги решава проблемите со познатата технологија на мнозинството.

Исто така, на праша&ето што беше поставено од премиерот Бранко Црвенковски каде избирачките одбори не се формираат од страна на државните органи, каде е тоа правило во демократските држави, нашиот одговор е во тие држави и во тие земји каде ваквите прашања не се решаваат со по логиката на мнозинската демократија туку во тие држави каде се повеќе се отстапува местото на консензуалната демократија. Таа демократија се повеќе се почитува во европските земји. Мнозинската опција се отстапува и го отстапува местото на консензуалната опција.

II/5

Ваквите прашања и проблеми што се покренуваат со овој амандман во однос на составот на избирачките одбори, како и оние прашања што се сврзани со изборната техника, кои можат да имаат решавачко влијание за конечниот резултат на изборите не се случајни и не се незначајни. Затоа што знаеме дека тие избори се наметнати од оние што го имаат мнозинството. И со оние знаеме дека таквиот принцип во услови до колку не се почитува и мислењето на другите партии за вакви прашања, кои што не се од тесен партиски интерес, кои што не се од интерес на мнозинството, кои не се од интерес на опозиционата партија, туку се од општ интерес од интерес на демократијата во нашата Република, на спремноста колку ние можеме да ја развиваме и да ја почитуваме демократизацијата и демократските принципи. Во тој случај ние мораме да имаме слух за соработка, мораме да го почитуваме принципот што се почитува во сите демократски средини, па тоа како што реков е принципот на консензуалната демократија.

Овде отворено мораме да кажеме зошто го потенцираме ова и зошто инсистираме по однос на избирачките одбори да се мени неговиот состав односно да се формира по предлог на политичките партии. Затоа што отворено овде можеме да кажеме дека со одлуката на државниот орган, онака како што се формираат избирачките одбори од тројца членови, тие лица што се избрани како членови, кои не припаѓаат на ни една партија, таквиот став и таквиот избор, таквата одлука е лажна. Мораме да признаеме дека постои големо сомневање за неутралноста на тие одбори. Тие членови на тие одбори се исто така и гласачи, а знаеме како тие гласаат. Тие гласаа, затоа што не се непартиски определени, туку се и тие партиски определени, но знаеме наспроти опозиционата партија, затоа што се поставени од државниот орган, ако

не сме го обезбедиле тој основен предуслов ние не можеме да прифаќаме едно вакво решение што овде ни се нуди со законот. Затоа, треба да имаме слух за овој амандман и да се прифати како што овде се предлага.

Според мене, неприфатливо е решавањето на ваквите прашања да се врши со наметнување и со притисок. Тука мораме да ги респектираме интересите и на другите пратенички групи. Имено, на опозицијата. Ние мораме да ги почитуваме целите на повеќепартискиот систем и мораме да изразиме спремност, а тоа го упатувам до владеачката коалиција за поголема толеранција и соработка и за поголема соработка со политичките противници.

Постапката за донесување на овие амандмани не можеме да ја прифатиме со наметнување на волјата на мнозинската партија. Не со мнозинско одлучување, туку реков можеме тоа да го прифатиме со претходен договор, со претходно усогласување на мислењата и со почитување на предлозите што се изнесени од опозицијата и од оние партии што имаат поинаква политичка опција. Во интерес на таквата соработка предлагам овој амандман да се разгледа со поголемо внимание и предлага врз основа на ова образложение Парламентот и пратениците да гласаат за овој амандман што го предлагаме на членот 9 став 1 за бришење на точката 4, став 2 за додавање на точка 5 поднесена од пратениците г-динот Александар Флоровски, Алесандар Спировски, Горѓи Котевски. г-динот Томислав Стефковски и г-динот Петар Темелковски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Јовчевски.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Господа пратеници, уште на почетокот да кажам дека и апелирам овој амандман треба да се прифати од проста причина што доста продаваме демагогија како кажуваме оти ќе одбереме луѓе во избирачките одбори кои ќе бидат партиски необоени. По мое длабоко убедување ниту има, ниту ќе има луѓе кои што не припаѓаат на никоја партија исклучиво што навистина жалам тој што ќе, луѓе кои што не припаѓаат на ни една политичка партија се луѓе со многу низок степен на психофизичкиот развој. А инаку луѓе кои што не припаѓаат на политичка партија, тоа е чиста демагогија за мене. Затоа што секој е симпатизер на било која политичка партија, а тој што ќе каже не припаѓам на оваа или онаа партија, тоа е за мене навистина неприфатливо. Затоа, во името на демократијата ако сакаме да кажеме би требало во избирачките одбори секогаш да има да ги контролира политичките партии. Во спротивно ние сме во зародишот на демократијата, односно кај нас не постои демократија, односно постои диктатура на партијата, која се уште е на власт. Затоа, уште еднаш апелирам без разлика дали ќе бидат во контролата застапени една, две, три или пет политички партии, меѓутоа, многу поголема контролата ќе биде ако има претставници од политичките партии, отколку граѓани така- наречени ќе бидат политички неопределени или необоени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ве молам, сите што ќе зборуваме да се држиме за амандманот. Инаку, мислам мислењето на сите го изразувам дека психофизичкиот развој на човекот не зависи од партиската припадност. Да видиме дали уште некој бара збор?

Господинот Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Особено, почитуван и посебно ценет претседател на Собранието што успеа да ја собереше позицијата, а ние како опозиција да почнеме со расправа по амандманите.

За овој амандман за кој стана збор, јас излегов со две причини, кои сакам овде да ги истакнам и затоа сум потпишан како подносител «а овој амандман. Без разлика на тоа што има различни мислења по овој амандман, јас мислам дека ако се вратиме наназад малку при изборите во РМ евидентни се повеќе примери каде што беше нарушен тој вид дисциплина во поглед на изборите и особено врз надгледувањето и контролата на тие избори од страна на политичките партии кои учествуваа како политички субјекти во изборната трка. Аналогно на тоа кога денес ние имаме политичка ситуација во Македонија главна позиција во Македонскиот парламент и главна владејачка гарнитура која ни ги препорачува овие изборни закони ние како позиција имаме право и на сомневање, имаме право и на предлози на такви амандмани кои ќе внесат два аспекти во тој правец.

Првиот аспект е демократскиот.

Вториот аспект е политичкиот.

По првиот аспект што се однесува до демократскиот аспект за овој амандман ние го предлагаме како група пратеници од особено значење ^ контролата на овие избирачки одбори од страна на политичките партии, за да се има поголема демократичност во изборите. Ние не случајно како држава, а исто така и како политички субјекти во РМ, заради таа демократичност инсистираме на меѓународната јавност, на меѓународните институции.

III/1 ДВ/СЛ

**ГОРГИ КОТЕВСКИ**:(продолжение)

Заради таа демократичност инсистираме на меѓународната јавност, на меѓународните институции. Кога се спроведуваа тие избори дури и одредени комисии да присуствуваат во нашата Република и да ги надгледуваат. Во тој правец, во тие институции во меѓународната јавност да истакнат и свои мислења и значења во поглед на изборите и да кажат дека изборите во Република Македонија се демократски заради тоа и тоа, а не се демократски заради тие и тие причини. Затоа, тргнувајќи од оваа причина мислам дека избирачките одбори на никого нема да му сметаат, напротив ќе при- донесат во тој поглед демократичноста да се зголеми, да се зголеми и контролата , или самоконтролата во тие избори. Да не може одредена политичка партија или оваа политичка коалиција во Македонија и политичка гарнитура, владеачка да може да спроведе избори по свои мерила и критериуми. Тука ние ќе го покажеме степенот на демократичноста и степенот на она што психолошки сме спремни да го поднесеме како политички субјекти во Република Македонија, без разлика дали станува збор за поголема политичка партија е моментално во Парламентот или е помала и е надвор од Парламентот. Тоа е првиот аспект за кој сакав да дискутирам, демократскиот аспект. Да не се плашиме од таква контрола и да се допушти тоа слободно. Доколку гс имаме ние тој аспект, мислам ние го спроведеме во самите избори, толку поголемо право имаме да се легитимираме пред светот и пред светските институции дека навистина демократијата во Македонија чекори со позабрзан од, а не светот да го спречуваме само заради тоа што во Македонскиот Парламент имаме една владеачка коалиција која сака да наметне таков ритам и темпо на овие избори , со цел да се добие предност во изборната трка.

III/2

Вториот аспект за кој сакав да дискутирам е политичкиот.

Ние од оваа говорница често пати си дискутираме за работ за кои вака теоретски кога ќе ги изнесуваме немаат големо значеше, или не се битни, не се конзистентни. Меѓутоа, кога практично ќе дојдат да се спроведуваат на теренот дури тогаш на нас ни се случуваат клучните нешта. Зошто велам клучни нешта. Клучни , заради правичното наше однесување како политички субјекти и како поединци во оваа изборна трка, наредна, мислам, која што треба да претстои во Република Македонија. Ние не можеме да бидеме индиферентни како субјекти и да кажеме дека оваа трка може да се води без разлика дали ќе имаме иста позиција и исти старт, заеднички старт, подеднаков. Напротив во зависност од таа позиција каква ќе биде на политичките субјекти ќе зависи политичката стабилност во моментот на тие избори во РМ, а врз основа и на тие резултати, дали ќе бидат реални или нереални, во однос на тоа како ќе се заложиме сите ние да се спроведат овие избори, ќе имаме и политички последици внатре во избирачкото тело на РМ. Треба тоа може особено да го респектираме .

Јас сметам на тоа дека трпението на пратениците е при крај бидејќи цел ден чекаме, меѓутоа сослушајте ме добро, имам голема причина ова да го истакнам.

Може да ни се случи заради вакви мали пропусти , всушност во практиката големи, да ни се случат големи конфликти на избирачките места во РМ и да направиме групација на целиот народ и граѓаните на РМ по секоја линија и по верска и по национална и по било каква припадност и да дојдат до такви конфликти , заради неспроведување на оваа политичка цел која треба ние да ја имаме првенствено на ум, затоа шт8дтаа политичка цел после ќе се изродат и други работи кои ќе имаат влијание не само на изборното ткиво во РМ туку ќе имаат и поширок

одјек негативен врз светската јавност врз тие светски институции што се занимаваат со тоа. Еве даречеме ние имаме во РМ институти од други земји кои вршат сондажа, испитување на предизборната кампања, па во изборната кампања ќе дадат и свои мислења итн., како се спроведени, дали се демократски, дали не се, во кој процент итн. Тоа ние треба да го респектираме. Многу е битно како пратеници да знаеме дека овие амандмани не се бесмислено од пратеничка група, поготово од опозицијата дадени овде само заради тоа дека еве сакаме амандмани да дадеме. Не станува збор за тоа. Јас од чиста совест покажувам дека на наредните избори, бидејќи оваа конфронтација кај политичките субјекти во РМ од ден на ден се по- веќе се заострува и заради социјалните тензии и заради политичката гарнитура во РМ која врши тортура во повеќе организации, заради политичка припадност на одредени луѓе , протерување од работа итн., ќе ни се случи нешто што не треба да ни се случи и дури може да се пролева крв на одредени изборни места. Затоа да внимаваме и да бидеме свесни и на висок степен да ја завршиме оваа работа со изборните закони во РМ. Затоа во прилог на сите оние дискутанти, без разлика што имаше тука и мали грешки во излагањата на одредени луѓе кои сметаа на поранешните избори, мислам дека треба и апелирам посебно да се прифати овој амандман. Затоа како потписник на овој амандман јас повеќе нема што да додадам, но заради тие два аспекти и заради онаа практична цел за која говорев ве молам да гласате за овие амандмани. Доколку присуството во салата не ќе биде доволно, бидејќи гледам доста пратеници ја напуштија салата ќе мораме дури и поединечно да се произнесуваме заради чувствителноста на овој амандман за кој ние живо сме заинтересирани како опозиција да се прифати. Ви благодарам за трпението.

**БОРКО ГОРЧЕСКИ:**

Јас зошто ќе гласам за овој амандман би рекол неколку зборови, зошто ја разбирам борбата за власт. Но, во таа борба за власт има демократски избори и нечесни избори. Тоа е мое мислење и јас така ги поделувам.

Во демократски избори го ставам она, оној кој ќе го изгуби изборното односно што ќе изгуби на изборите треба да му честите на против кандидатот.

Нечесни избори ги подразбирам оние што по секоја цена одат да се добие местото за пратеник. Тоа се веќе нечесни избори.

За да не се повтори она што беше на претходните избори јас ќе дадам само два примери од кои повеќе знам. Некои од оваа говорница рече дека се измислуваат некои работи, но јас многу по- ретко излегувам на оваа говорница но еден ден морав да ја кажам онаа вистина што ми тежеше.

Се случи на едно изборно место каде лично на пратеникот пред неколку личности овде му рече, и овде има сведоци не сакам имиња да ставам, што го рече шоферот на еден пратеник од тука."Јас, вели, свршив голема работа што илјада гласови на мои начин ги купив јас." Како што не навлегувам во тоа, на кој начин ги купил 1000 гласови, а тоа е нечесно.

Понатаму личен пример знам на фалсификувани избори, можеби не од големи размери туку се работеше некаде за 47 гласачи, што лично го знам примерот јас. Гласано од тие 47 гласачи за една партија(и партиите нема да ги споменувам) гласано 46. Дали местото било такво,

или мислењето на тие жители не од градот, биле такви, јас тука не навлегувам, но само еден глас за друга партија. Што се случува? Поради не доволна населеност на тоа место повеќе од старци напуштено селото, оној што бил во комисијата, односно само тој ги зема гласовите ги пренесува во Прилеп за да ги предаде дури утрото. Кога ја отвораат кутијата со син му, а неговиот син лично со мене работеше, тоа го тврдам барем. "Ја отвораме кутијата, вели, 46 гласови, да не навлегувам од која партија, татко ми вели сите ги искина, но, затоа вика добро беше припреман со други гласачки ливчиња. Ги потполни за оние што нас ни одговараа и утрото кутијата ја предаде." Тоа јас го пријавив лично. Што се случува? Се повторува гласањето на тоа место. Истото се повторува 46 со 1. Не зависеа само тие гласови за да добие тој пратеник. Не зборувам за тоа што на едно место се случило тоа , туку ако и понатаму се повторува така,ми се чини некој пратеник рече од оваа говорница дека со мирна душа нема да останат и со мирна совест и оние противниците. Затоа за да не се поттураат такви работи ми се чини барем малку совеста да си ја разбудиме на некоја чесност од таа трка за избори, а овде без овој амандман ми се чини совеста кај нас поинаку работи, работи исклучиво да се добијат изборите, па било на каков начин, а сето тоа ни носи штета и на државата и на народот, а народот ми се чини не спие овој пат. Некој сигурно грдно се излажал ако мисли дека народот ќе заспие и ќе биде излажан со овие избори. Тоа народот го гледа и го плати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (27 пратеници)

Констатирам дека овој амандман не е усвоен.

Има збор г-динот Горѓи Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето и кажав при образложението на амандманот, доволно присуство нема Парламентот, барам поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има десет пратеници кои го поддржуваат?(Има)

Го молам заменикот на секретарот да изврши прозивка за поединечно гласање.

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

1. ФАИК АБДИ - против
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА ~ против
3. ЕШРЕФ АЛИЈУ- против
4. ХАМИТ АЛИУ - против
5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ - не е тука
6. СТОЈАН АНДОВ - против
7. ТИМЕ АНДОНОВ - против
8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ ~ за
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ ~ не е тука
10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ - не е тука
11. ДРАГИ АРСОВ - за
12. БРАНКО АРСОВСКИ - воздржан
13. ДУШКО АРСОВСКИ - против
14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ - против
15. ЈОРДАН БОШКОВ - не е тука
16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ - не е тука
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ - против
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ - за
19. ПЕТАР ГОШЕВ - не е тука
20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ- за
21. САНДЕ ДАВЧЕВ - воздржан
22. РАТКА ДИМИТРОВА - не е тука
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ -
24. ТОДОР ДИМОВ - против
25. ДОСТА ДКМОВСКА - за
26. БОРКО  ГОРЧЕСКИ - за
27. ДУШКО ГОРГЕСКИ - против
28. ПЕТАР ГОРГИЕВ - против
29. ЗУДИ ЕМИНИ - не е тука
30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ - против

нд

III/8

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | - за |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | - против |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | - против |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | - против |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | - не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | - воздржан |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | - не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | - не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | - против |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | - за |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | - за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | - за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | - не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | - не е тука |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | - не е тука |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | - за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | - не е тука |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | - за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | за |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | за |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | за |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | против |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 61 ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | не е тука |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | против |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | не е тука |

IV/1

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | против |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | воздржан |
| 68. СЛАВЕ КАУМОВСКИ | за |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | не е тука |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | против |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | против |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | против |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | против |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | не е тука |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | против |

IV/ 2

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | не е тука |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | воздржан |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | против |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | против |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | за |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЦИСКИ | против |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | против |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | не е тука |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | воздржан |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | не е тука |

Вкупно гласале 82 пратеници.

За гласале 31 пратеник, против 44, а воздржани 7 пратеници.

Според тоа, констатирам дека овој амандман не е усвоен.

Во меѓувреме пратеникот Михаил Пановски поднесе амандман на член 9 за додавање нов став 2; на член 10 за додавање нов став 2 и за додавање нов член 11-а.

Пратеникот Петар Горѓиев поднесе амандман за додавање нов член 44-а.

Пратеникот Гулистана Марковска, Евтим Манев и Тодор Петров поднесоа амандман на член 13 став 3 и 4.

IV/3

Пратеникот Доста Димовска поднесе амандман за додавање нова глава 12-а и за додавање нов член 38-а.

Пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски поднесоа амандман за додавање нов член 11-а.

Пратеникот Стоиле Стојков поднесе амандман на член 13.

Пратеникот Драги Арсов поднесе амандмани на член 1, член 2 став 1 и 2 и член 6 во новиот член 5-а, за бришење на членовите 5, 21, 42 и 43, член 29 став 1, член 31 за бришење на новиот став 5 и на член 37.

Пратениците Димитар Трпеновски и Бранко Арсовски поднесоа амандман на член 4 став 1.

Пратениците Томислав Стефковски, Ацо Спировски и Драг Арсов поднесоа амандман на член 4 за бришење на став 2.

Пратеникот Наум Симјановски поднесе амандман за додавање нов член 8-а.

Пратениците Александар Гештаковски и Страшо Милковски поднесоа амандман на член 4 став 1.

Пратеникот Јован Николов поднесе амандман на член 4 за менување на ставот 1.

Пратеникот Владимир Голубовски поднесе амандман за додавање нов член 3-а, за менување на член 22, за менување на член 23 за бришење на член 36.

Пратеникот Драги Арсов поднесе амандмани за додавање нов член 3-а за менување на член 4, на член 7, за менување на став 7 по кој владата не се произнесе.

Пратеникот Доста Димовска поднесе амандман за додавање нов член 7-а а пратеникот Драги Арсов поднесе амандман на член 1 став 1 и пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски поднесоа амандман на член 9 за додавање нов член 11-а и истите ги повлекоа.

Амандман поднесе и пратеникот Голубовски на членот 18 за додавање нов член 18-а. Тој амандман сега се дели.

Господинот Крстевски бара процедурално.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Господа пратеници, сакам да ве потсетам дека пратеничката група на Либералната партија упати едно бараше односно иницијатива до пратеничките групи заради што побрзо донесување и во процедура на овие закони, иницијатива таа расправа да се води во рамките на три дена. Оценуваме дека ваквиот пристап, всушност, значи прво одолговлечување на таа постапка, второ предложивме Владата да биде пофлексибилна односно не како таму каде што амандманите се во функција на приближување на позициите на опозицијата и позицијата да биде по флексибилна и со тоа да овозможи побрз проток на работа на амандманите. Сметаме дека ова дополнување со амандмани истото го оневозможува.

Трето, најбитно, поднесовме со 18 потписи иницијатива за обезбедување на 61 пратеник потписи за предвремени избори во договор, таму како што доаѓа според уставниот закон. Досега сме информирани од стручната служба дека ниту еден пратеник не се потпишал дополнително. Со тоа сакаме да потсетиме дека се отстапува од партиските и парламентарните декларации кои партиските групи овде ги дадовме.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ;**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Јас, на почетокот излегов, барав збор и изгледа дека овој Парламент немо помина преку мојот предлог.

Барам Парламентот веднаш да донесе одлука сите оние што се во Македонската делегација на светското првенство во атлетика да бидат вратени под итно, заради тоа што на оваа држава и нанесува невиден национален срам. Да се излезе на свечено дефиле под туѓо знаме, има

IV/5

ли поголем срам за една држава? Затоа барам, како највисоко законодавно тело да донесеме одлука веднаш да биде вратена целата експедиција, таму, Македонска, и спортисти и функционери.

А, посебно што во раководството на Парламентот седи висок функционер на Македонскиот олимписки комитет господинот Тито Петковски ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, господине Пановски...

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Мислам човекот воопшто не сакам да го, јас не сакам да го обвинувам господинот Тито Петковски...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Расправаме по амандмани. Имаме точка на дневен ред...

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Ова е процедурална забелешка...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам .

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Господине претседателе, јас мислам дека и излагањето на координаторот на пратеничката група на Либералната партија господинот Зоран Крстевски не беше баш за амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се однесува на амандманите и по оваа точка на дневен ред е.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас мислам дека се однесуваше на партиски маркетинг.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Не е битно...

IV/ 6

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, вие изнесовте една работа...

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Барам Парламентот да донесе одлука за итно враќање на целата Македонска спортска атлетска делегација од Штугард, од светското првенство во атлетика бидејќи тие таму настапуваат под туѓо знаме...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ...

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

а, Македонската држава го финансира нивниот престој таму

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам Парламентот не се занимава со тоа кој каде знаме носи и какво знаме носи. Немојте така. Немаме на дневен ред тоа. ..

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Тоа е Македонска репрезентација отидена таму...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да ја ...

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Репрезентација отидена таму а настапува под туѓо знаме..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме органи кои за тоа се стараат, а вие..- ммудмп П

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Ние сме највисок орган во оваа држава, господине...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, господине Пановски одете си сега. Зборувате за нешто што нема врска со дневниот ред...

IV/7

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Па и други зборуваат сешто што нема врска...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Пановски, напуштете ја говорницата, ве молам...

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас ве молам господине...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви го земам зборот...

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Господине претседателе...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Пановски немате што натаму да зборувате Немој да спорите со мене. Немојте тоа. Не чини...

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас неќум да спорам со вас. Вие спорите со мене.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не ви доликува. Ви го земам зборот и сега послушајте ме, одете си. Ајде, ве молам, напуштете ја говорницата сега, ајде.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Само уште ова да се искажам. Јас, господине претседателе ве молам да се однесувате спрема сите нас пратеници рамноправно...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да еднакво. Ве молам, вие сега напуштете ја говорницата...

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Бидејќи сите сме избрани од народот ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам напуштете ја говорницата...

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Независно дали сме на опозицијата пратеници или од опозиционата партија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Пановски зборувате за нешто што нема врска со Парламентот и со оваа точка на дневен ред.

Ајде, одете се.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Има врска со Парламентот, и те како...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде, ве молам, одете. Ќе предложите точка на дневен ред, ќе си дојде, ќе закажеме седница, ќе расправаме итн.

Има збор госпоѓица Димовска.

Немојте сега, едно е на дневен ред, за друго зборувате.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Јас би се навратена на ова прашање што го поттикна пратеникот Михаил Пановски. Јас знам, се извинувам, дозволете сите знаеме овде, во оваа сала дека тоа не е деловнички, дека е вон дневниот ред, сите многу добро ги знаеме собраниските акти, но исто така под достоинството на овој Македонски парламент и на Македонската држава би била највисокото законодавно тело во кое што се застапени повеќе партии од Македонската дражва, претставници на граѓаните на Македонија и на Македонскиот нарот да не реагираат на еден таков страмен чин кога сите бевме сведоци на светското првенство во атлетика претставници на Македонската атлетска репрезентација да настапат под едно туѓо знаме. Тоа е знаме на Сојузна Република Југославија и никој во оваа држава да не реагира. Дозволете, бидејќи

IV/9

темпото на работа на овој Парламент е многу споро и донесуваме изборна регулатива во која што се огледуваат интересите на повеќето партии во Македонскиот парламент и во позицијата и на опозицијата и на вонпарламентарната опозиција, веројатно оваа седница подолго време ќе трае и не сме во состојба да го почитуваме деловникот да предложиме посебна точка на дневен ред.

V/1.- ЈМ-ВБ

**ДОСТА ДИМОВСКА**: (продолжение)

Бидејќи имаме тука претставник на Владата, а тоа Деловникот го дозволува, јас го замолувам или претставникот на Владата или да се повика премиерот на Македонската влада господинот Бранко Црвенковски и да даде објаснение пред Парламентот под итно и пред македонската јавност за овој инцидент што се случи пред целата светска јавност. Не може да остане неказнет оној кој што е најдиректно одговорен за еден ваков срамен чин со кој што се крши Законот и за знамето што го донесе овој македонски парламент и целата македонска држава се доведува во една срамна положба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте за тоа.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Факт е дека трн години ние настојуваме Македонија да биде меѓународно признаена, а сега некој доброволно без консултации со претставниците на македонската држава и на македонскиот народ се става под едно туѓо знаме, знаме што значи ропство за македонскиот народ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ние да се договориме и да се разбереме. Ова е законодавно тело. Собранието има свои задачи, има Деловник по кој работи. Може секој од нас поединечно со нешто што се случува надвор, или во животот во нашата земја, или надвор од нашата земја да не се согласува,но тоа не дозволува, на нас не ни дозволува веднаш да

расправаме кога имаме дневен ред, кога сме се состанале по нешто сосема друго. Ние фактички нашето достоинство ќе го газиме ако расправаме како да сме на улица некаде, а ние сепак сме во Парламент и мораме да се држиме до Деловникот. Парламентот не може никого да казни и тоа да знаете.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас ги прифаќам аргументите и објасненијата на претседателот на Парламентот законски и деловнички е сосема во право, но не би смееле сите овде заедно што седиме во Парламентот да преминеме молчешкум преку овој факт. Јас предлагам, постои таква деловничка можност на барање на Владата претставниците на Владата под итно да ни дадат една информација за овој инцидент,какво значење има и врз основа на тоа подоцна пратениците ќе реагираат дали некого ќе повикаме на одговорност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да ви помогнам. Секој од вас што ова го покренува може во вид на пратеничко прашање без оглед дали е на дневен ред сега, или не, по писмен пат да бара веднаш одговор од Владата под итно, Владата да му одговори и ако сака, тогаш по тоа може да бара претрес. Ние сме Парламент и треба да работиме по тоа што сме се договориле.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, навистина не е пријатно да се расправа вака неделовнички, меѓутоа само ќе потсетам дека ова Собрание расправаше неделовнички и за конгресите,

односно за непартиските здруженија, а навистина е прекршен Уставот на Република Македонија, односно Законот за знамето. Се знае знамето и мислам дека не би било во ред едно вакво високо законодавно тело ако не друго она што Владата треба да го направи се оваа делегација знае извршната власт што прави, дали ќе ја врати , или не, тоа останува на одговорност на Владата. Меѓутоа, Собранието мора да даде ако не друго барем морална осуда на она што се случи затоа што сите тие спортисти не беа испратени заради незнам какви резултати што тие ги постигнаа во нашата територија и вон неа, туку за да може точно да се чуе името Македонија и да се вее знамето на Македонија барем на еден спортски натпревар.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, деловнички се расправало само по она што овде било на дневен ред, а кој што мисли тоа е друга работа, тоа е негово праша&е. Но, сакам уште еднаш да ви укажам, нема никаква друга можност итно да се реагира освен било кој пратеник писмено да си постави прашање до Владата, по тој повод може да се организира и конференција за печат, во тоа ќе му биде помогнато Владата писмено да си одговори на тоа прашање, а без врска со дневниот ред кој го имаме овде на расправа.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, со оглед на темпото со кое што работи Парламентот тие пратенички прашања ќе дојдат по 10 дена во најдобар случај . Исто така, ваков еден инцидент кога во широката светска јавност се претставува македонската држава да го сведеме на пратеничко прашање, на нешто што има толку мало значење навистина е смешно, не можам да го разберам и ми се чини дека многу пати сме имале

примери кога самиот претседател на Парламентот на почетокот, или во текот на седницата кога ќе се случел некој чин, било да е тоа нешто тажно, големи несреќи итн., или пак нешто добро за македонската држава сме имале тука случаи да се честита прием, да се честита признаваше итн. Јас предлагам на Македонскиот парламент сега во овој момент да изгласаме еден заклучок со кој што ќе се оградиме од тој срамен чин за македонската држава, ќе се оградиме и ќе ја осудиме незаконската употреба на туѓи знамиња, кршење на Законот за знамето и на македонскиот Устав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, јас укажав што е можно. Можно е тоа да се преземе на тој начин како што кажав деловнички, а ние сега имаме дневен ред и расправаме по него.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, тоа што претседателот на Собранието го препорачува како можно, јас тврдам дека не е можно од личното искуство и од крајно игнорантскиот однос од страна на Владата кон институтот пратеничко прашање. Имам барем најмалку 10 прашања во писмена форма доставено до Владата со инсистирање на рок од 15 дена од кои едното прашање е поставено дури пред 10 месеци. до тоа прашање се доставени 5 писмени ургенции и 2,3 усни тука на Парламент, на ниедно не ми се одговара. Така што сето тоа што го препорачува претседателот на Собранието паѓа во вода. Значи тоа не е можно.

V/5.-

Еве јас да предложам Собранието во овој момент да ја прекине расправата по оваа седница и да отвори нова седница Шеесет и седма седница со единствена точка на расправа токму за тој настан што е во Штутгард. Ако натаму вие господа од коалицијата на Владата продолжете да се однесувате негаторски кон предлозите за оградување, или осуда на тој чин, повелете поздравете ги.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, јас објаснив што е можно. Со тоа престанува натаму расправа по тоа прашање.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, морам да ви признаам дека слушам некои работи кои не ми се драги, не ми се мили. Имам долго искуство со вакво претставување на земјата. Се извинувам што се оддалечувам од дневниот ред .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немаме ние расправа по тоа прашање.

**ФАИК АБДИ:**

Јас ве молам господине претседателе се работи за Република Македонија, за нашата држава и ве молам да ме сослушате. Сум одел најмалку 15 и 20 пати делегација македонска, југословенска да речам надвор од Југославија на меѓународни фолклорни фестивали, на еден фестивал во Дакс тоа е на границата на Шпанија немаше југословенско знаме. Нашите членови рекоа:"или истакнете знаме, или веднаш одиме назад". Соодветно на ова, мислам дека е многу непријатни да не се истакне знаме на нашата држава. Ова е многу болно прашање луѓе,

разберете. Тој што не бил, тој не знае што е тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, па се разбира дека е и неприфатливо и непријатно и недопустливо, меѓутоа Парламентот тоа сега не треба да го расправа. Имаме друго за расправа.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, излегов да кажам нешто, можеби ќе ви помогне тоа да ја сфатиме ситуацијата. Јас незнам колку сте вие запознати, македонската делегација излезе на тоа првенство и учествува на тоа првенство без можност да настапи со нашето знаме, македонско знаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам,не треба да расправаме за тоа. Тоа нека го објасни Владата. Нема потреба да се расправа.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Не сакам да расправам, но да завршам некако ако ми дозволите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не треба сега да се расправа, бидејќи тоа ќе не навлече на расправа. Не треба сега да расправаме за тоа.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Јас не можам да дозволам да бидат спортистите оптужувани на ваков начин, затоа што воопшто не знаеме што правилно се случи таму. Ние знаеме дека мораше да имаат знаме на атлетската федерација и кое знаме го носеа? Длабоко сум уверен дека тоа не беше знамето на Југославија како што тврдите, туку некое туѓо знаме, друго знаме. Но, немојте да ги оптужуваме спортистите на тој начин и да бараме од оваа говорница да бидат повлечени. Само тоа сакав да го кажам.

V/7.-

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Мислам дека деловнички постои можност и затоа се држам до таков предлог да се предложи, има доволно пратеници спрема исказите досега итна седница и нека процени Претседателството одговорноста за проценката и поставувањето и отворање на таква седница ќе падне на Претседателството на Собранието на РМ. При тоа исто така го искажувам својот револт од тој национален скандал што се случил таму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ви објаснив што е можно, а што не е можно. Некој ако си предложи итна седница, има постапка за тоа, ќе видиме, ќе ја пуштиме постапката.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас сметам дека постои деловничко право 66-та седница да биде прекината и да се свика итна 67-ма седница со единствена точка на дневен ред: Информација за учество на атлетската репрезентација на Македонија на Светското првенство во атлетика во Германија - Штудгард, со образложение дека репрезентацијата настапила со туѓо знаме и барање став од Владата по однос на ова прашање во писмена форма и на соодветното собраниско работно тело. Ние и 65-та седница ја прекинавме без никакво образложение, па ја продолживме оваа 66-та седница, имаме уште неколку седници кои се во постапка незавршени, така што сметам дека Собранието, односно претседателот заедно со потпретседателите имаат право по Деловникот на предлог од пратеник да ја прекинат 66-та седница, а верувам дека до тогаш ќе се создадат и благопријатни услови за донесувањето на овие системски изборни закони во фер-плеј односи помеѓу коалицијата и опозицијата да се донесат. Предлогот го поткрепувам со писмено барање до претседателот.

V/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас примам само заведени барања преку архива. Само заведени барања легално преку архива до мене се доставени. Друго е ова е доставено вон деловнички, изложено е по повод расправата по амандман кој има тука. Тоа е сето искажување вон деловничко. Секој што сака да покрене постапка за итна седница ќе си даде писмен предлог, јас ќе го добијам, ќе го пуштам во постапка, ќе се стекнат услови, закажуваме, или не закажуваме седница.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господа пратеници, предлагам господинот Петров по итна постапка да свика уште еден нов конгрес семакедонски, светски, и да го постави на дневен ред ова прашање.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Конгрес нареден ќе биде свикан кога ќе ја заврши Собранието расправата по 65-та седница. А што се однесува до обврската за предлогот што беше даден во постапка никаде во Деловникот не пишува дека пратеникот е обврзан да оди во архива да добие печат, да го заведе. Затоа седи заменикот секретар овде по службена должност нека го изврши тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не. Службени предлози се само оние што ги добивам јас уредно по пошта.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, ние како што работиме и наназад ако се вратиме за нашата работа колку сме агилни, колку сме експедитивни, мислам дека за одредени работи флексибилноста на државата и на овој Парламент треба да биде на високо ниво. За вакви состојби што ни се случуваат ние не можеме да бараме по редовна процедура, или незнам како да дојде точката на дневен ред.

Ние едноставно треба на одредени седници, или вака во овој момент да кажеме дека ние како РМ, како држава не стоиме зад сето она што се случило на стадионот во Штудгард. Исто така, од овде од еден говорник овде голем спортист и тренер беше искажа: дека спортот и репрезентативците на Македонија се она нешто што може да ја промовира Македонија како независен и рамноправен субјект во светската заедница на народите. Меѓутоа, ова го покажува токму обратното. Во никој случај вакви ексцеси, вакви случаи не можат да бидат случајни. Ова е се тенденциозно и намерно. И ние нашата нефлексибилност не смееме овде да ја изразуваме. Напротив треба како Парламент да се оградиме и да бидеме сите единствени во тој поглед, а не да полемизираме. Мислам треба тоа да го сфатиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за ова расправа нема. За ова кога ќе добијам уреден предлог , каков ќе биде предлогот , ќе го пуштиме во постапка, тогаш ќе расправаме и точка, ништо за тоа.

Ако има друго нешто,процедурално прашање може.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Мислам дека претседателот Андов свесно дозволи расправа по прашањето кое беше поставено во врска со неистакнвуањето на знамето на РМ на светското првенство. Целта беше проѕирна, едноставно во оваа сала го нема потребниот број на пратеници од коалицијата. Од тука сметам дека е јасно на сите, најсериозно требаше да биде сфатено нашето барање, не 61 пратеник од коалицијата за да почне седницата, туку перманентно присуство на 61 пратеник за да може да се води понатаму расправа. Од тука ја користам можноста по Деловникот, барам пауза од 15 минути да се обезбеди присуство на пратеници од коалицијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од 15 минути.

(По паузата)

Бидејќи нема доволен број на пратеници, предлагам да продолжиме со работа утре со почеток во 12,00 часот.

Седницата прекина во 20,00 часот.